Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиска полиција
Број 04-980/2
15.06.2025 година
Скопје

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, имателот на информации-Управа за финансиска полиција го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 34-980/1 од 05.06.2025 година, поднесено од страна на барателот на информации-[redacted] ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВОРА.

## Образложение

Барателот [redacted] застапувано од [redacted] до Управата за финансиска полиција по електронски пат поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 34-980/1 од 05.06.2025 година со кое барање побара пристап до определени информации и тоа: „да се достави информација сите Решенија за годишен одмор 2024 и 2025 година, за [redacted]

Постапувајќи по предметното барање, Управата за финансиска полиција изврши увид во барањето како и во податоците кои се предмет на барањето при што оцени дека истото може да биде уважено од причина што во конкретниот случај се работи за информации кои се од јавен карактер.

По однос на истото, Ве известуваме дека [redacted] рвиот дел од годишниот одмор за 2024 година го има

искористено на претходното работно место што е констатирано во потврдата доставена до Управата.

Во Управата за финансиска полиција искористи денови од вториот дел на годишниот одмор за 2024 година, а видно од Известување за користење на годишен одмор со број 04-03/118 од 19.05.2025 година.

До моментот на изготвување на оваа информација [redacted] нема користено денови од годишниот одмор за 2025 година.

Бараната информација Ви се доставува во прилог на Решението по електронска пошта.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Директор
м-р Слободан Ивановски

ДОСТАВЕНО ДО:
[redacted]

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Силвана Богатиновска